**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 41-11921/ 8
Скопје, 3 декември 2024 година

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и členовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за хартии од вредност, што го утврди на седницата, одржана на 3 декември 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Христина Мишевска, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии

проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИК: Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за хартии од вредност

Скопје, декември 2024 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20, 288/21 и 53/24), се уредуваат начинот и условите на издавање и тргување со хартии од вредност; начинот и условите за регистрирање на хартиите од вредност, утврдување и порамнување на трговските трансакции и нетрговските преноси со хартии од вредност, како и ограничувањата на правата од сопственоста на хартиите од вредност; начинот и условите за функционирање на пазарот на хартии од вредност и на овластените учесници на пазарот; обврските за обелоденување од страна на акционерските друштва со посебни обврски за известување, членовите на органите на управување, директорите и одделни акционери; забранетите дејствија во врска со работењето со хартии од вредност; статусот и надлежностите на Комисијата; начинот и условите на работење на овластените учесници на пазарот при стечај и ликвидација и други прашања што се од значење за хартиите од вредност.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 121/24), во член 28 точка 6. Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за дигитална трансформација и како Министерство за јавна администрација, со надлежности утврдени со овој закон, како правни наследници на ова министерство.

Имајќи ги во предвид надлежностите на Министерството за дигитална трансформација утврдени со измените и дополнувањето на Законот за организација и работа на органите на државната управа се наметна обврска за усогласување на надлежностите кои се предмет на Законот за хартии од вредност.

Со Законот за престанување на важењето на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник“ на Република Северна Македонија, бр. 194/24), престанува да важи Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 130/14, 53/16 и 11/18), и надлежностите на комисијата утврдени со овој Закон се пренесуваат на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Истовремено, називот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е променет со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр.194/24) во Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Имајќи во предвид дека е променет називот на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, како и тоа дека надлежностите на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка се пренесоа на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, се наметна обврска за усогласување и промена на називот на Државната комисија како надлежен орган предвиден во Законот за хартии од вредност.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основна цел на Предлогот на закон за изменување на Законот за хартии од вредност е усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за престанување на важењето на Законот за основање на државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон не предизвикува дополонителни фискални импликации врз буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон не предвидува финансиски средства за негово спроведување.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20, 288/21 и 53/24), во член 112-д во ставот (8) зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 2

Во член 112-ѓ во ставот (5) зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 3

Во член 112-ж во ставот (4) зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 4

Во член 112-о во ставот (8) зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 5

Во член 152-в во ставот (3) зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 6

Во член 152-г во ставот (8) зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 7

Во член 231 во ставот (1) зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во ставот (2) зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 8

Во членот 232 зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 9

Во член 232-а во ставот (9) зборовите „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН
Со членовите 1, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 се врши измена во членовите 112-д став (8), 112-ж став (4), 112-о став (8), 152-в став (3), 152-г став (8), 231 став (1) и став (2), и 232 од важечкиот Закон за хартии од вредност. Со истите се менува називот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24).

Со членот 2 од Предлогот на закон се врши измена во член 112-ѓ од постојниот Закон. Со истиот се менува називот на Министерството за информатичко општество и администрација во согласност со член 28 точка 6. од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.121/24).

Со членот 9 се врши измена во 232-а став (9), од важечкиот Закон за хартии од вредност. Со истиот се менува називот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во согласност со Законот за престанување на важењето на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 194/24).

Со членот 10 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ
Предложените решенија во Предлогот на закон за изменување на Законот за хартии од вредност се меѓусебно поврзани и се надополнуваат.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА
Со предложеното решение ќе се направи измена на делот на надлежните министерства и Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен согласно позитивните законски прописи со цел усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за престанување на важењето на Законот за основање на државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Барање за полагање на стручниот испит и испитни рокови

Член 112 - д

(1) Обуката и стручниот испит за работење со хартии од вредност се спроведуваат врз основа на констатирана потреба од страна на Комисијата, но не помалку од еднаш годишно.
(2) Комисијата со оглас во дневен печат и на својата веб страница ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржување на обуката, односно стручниот испит за работење со хартии од вредност.
(3) Доколку, по процена на Комисијата, не се пријават доволен број на кандидати, Комисијата нема да ја спроведе обуката, односно испитот.
(4) По завршувањето на обуката, Комисијата за спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност ги определува термините за одржување на испитот и истите ги објавува на веб страницата на Комисијата.
(5) Барањето за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност кандидатот го поднесува до Комисијата.
(6) Со барањето за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на испитот, пропишани со овој закон.
(7) Комисијата со решение утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност.
(8) Против решението од ставот (7) на овој член со кое е одбиено барањето за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.
(9) На кандидатот мора да му се овозможи да го полага стручниот испит за работење со хартии од вредност во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на стручниот испит.
(10) Кандидатот е должен во рок од пет дена од добивањето на известувањето од ставот (9) на овој член, преку електронска пошта да го пријави учеството на стручниот испит за работење со хартии од вредност.
(11) Комисијата детално ја пропишува постапката за спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност

Место на полагање на стручниот испит

Член 112 – ѓ

(1) Стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.
(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Комисијата и Јавниотрадиодифузен сервис.
(3) Полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност се снима и во живо се емитува на веб страницата на Комисијата, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Комисијата.
(4) Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност ги пропишува Комисијата.

(5) Во просторијата за полагање на стручниот испит, за време на полагање на испитот се присутни двајца овластени претставници од Комисијата, членовите на Комисијата од членот 112-в став (3) од овој закон, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од Владата на Република Северна Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и еден информатичар предложен од Министерството за информатичко општество и администрација.
(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што Комисијата донесува решение.
(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитаната сесија.
(8) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.
(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.
(10) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Комисијата најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.

Спреченост за полагање на испит

Член 112-ж
(1) Ако во текот на обуката и полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да присуствува, односно полага (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), обуката и стручниот испит за работење со хартии од вредност се одлагаат за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.
(2) Решение за продолжување на стручниот испит за работење со хартии од вредност донесува Комисијата по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност, но најдоцна во рок од шест месеци.
(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на стручниот испит за работење со хартии од вредност во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека стручниот испит за работење со хартии од вредност не го положил.
(4) Против решението на Комисијата од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.
(5) Во случајот од ставот (2) на овој член кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има положено.

Ревизија на спроведени испити
Член 112-о
(1) Тестовите, студијата на случај и задачите од стручниот испит се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност.
(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите, студиите на случај и задачите за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и задачите, како и снимките од одржаните стручни испити за работење со хартии од вредност се чуваат во Комисијата.

(3) Комисијата за хартии од вредност формира Комисија за ревизија на одржаните стручни испити за работење со хартии од вредност, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член. Во Комисијата за ревизија покрај другите членови, задолжително членуваат и две лица предложени од Министерството за финансии.
(4) Комисијата за ревизија се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 112 став (2) од овој закон, за што доставува извештај до Комисијата.
(5) На членовите на Комисијата за ревизија им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Северна Македонија, за што Комисијата донесува решение.
(6) Доколку Комисијата за ревизија утврди нерегуларности во спроведувањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност од страна на поединци во смисла на членот 112-е став (5) од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 112-н од овој закон.
(7) Комисијата донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата за ревизија во рок од три дена од приемот на предлогот.
(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

Одлучување по барањето за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар за хартии од вредност

Член 152-в

(1) Комисијата донесува решение по однос на барањето за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето.
(2) Комисијата ќе го одбие барањето за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар од членот 152-б на овој закон доколку:
1) барањето не ја содржи комплетната документација;
2) барањето содржи неточни и невистинити податоци;
3) расположливите податоци и информации во врска со членот 152-б ставови (1), (2) и (4) на овој закон укажуваат дека лицето од членот 152-а став (1) на овој закон и/или лицата поврзани со него, како последица на правната или финансиската состојба, односно начинот на кој работи или природата на неговите активности, индицира тенденција на висок ризик со што може да биде загрозена стабилноста, сигурноста и репутацијата на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот, односно нивното работење во согласност со прописите и
4) постои основано сомнение во легалноста на потеклото на парите, репутацијата или вистинскиот идентитет на лицето од членот 152-а став (1) на овој закон и/или лицата поврзани со него, согласно со овој закон.
(3) Против решението за одбивање на барањето за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар што го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.
(4) Жалбата од ставот (3) на овој член не го одлага извршувањето на решението на Комисијата.
(5) Во случај кога како основа за одбивање на барањето од ставот (2) на овој член е легалноста на потеклото на парите, Комисијата веднаш ја известува Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

(6) Комисијата ќе донесе решение за одземање на согласноста за стекнување на квалификувано учество доколку:
1) согласноста е добиена со наведување на невистинити податоци;
2) имателот на квалификувано учество или со него поврзани лица преку преземање на одредени активности или работи, го загрозуваат сигурното и стабилното работење на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот;
3) имателот на квалификувано учество или со него поврзани лица преку вршењето на одредени активности или работи, го оневозможуваат спроведувањето на супервизијата над брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот или нејзиното спроведување е значително отежнато и
4) во случај на странско лице-имател на квалификувано учество, ако во однос на прописите кои се во сила во земјата на тоа лице или праксата при примена на тие прописи, не може да се спроведе супервизијата над брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот или нејзиното спроведување е значително отежнато.

Забрана за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар за хартии од вредност без претходна согласност од Комисијата

Член 152-г

(1) Се забранува стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар спротивно на членот 152-а ставови (1) и (3) од овој закон.
(2) Во случај на стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар спротивно на членот 152-а ставови (1), (3) и (4) од овој закон, како и во случај на одземање на согласноста за стекнување на квалификувано учество од членот 152-в став (6) на овој закон, Комисијата донесува решение со кое утврдува дека на акционерот кој ги стекнал тие акции, истите не му носат право на глас и право на дивиденда.
(3) Со решението од ставот (2) на овој член Комисијата ќе му наложи на акционерот кој стекнал акции спротивно на членот 152-а ставови (1), (3) и (4) од овој закон, како и на акционерот на кој му е одземена согласноста за стекнување на квалификувано учество од член 152-в, став (6) од овој закон да ги продаде акциите кои ги стекнал или ги поседува спротивно од овој закон во определен рок кој не може да биде подолг од 180 дена, освен во случаите од членот 152-а став (4) на овој закон, кога Комисијата може да определи и подолг рок.
(4) Со решението од ставот (2) на овој член Комисијата ги задолжува брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот кои ги издале акциите да не му дозволат на акционерот да ги остварува правото на глас и дивиденда од акциите.
(5) Решението од ставот (2) на овој член се доставува до овластениот депозитар кај кој се водат акциите на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот заради запишување на ограничувањата на акциите кои произлегуваат од решението на Комисијата од ставот (2) на овој член на сметката на акционерот.
(6) Во случај ако брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот постапат спротивно на задолжението од ставот (4) на овој член, Комисијата ќе им изрече мерки согласно со одредбите од членовите 205, 206, 207, 215 и 218 на овој закон.

(7) Во случаите од ставот (2) на овој член при одржување на собрание на акционери на брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар, вкупниот број на акции со право на глас кои произлегуваат од издадените акции на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот се намалува за бројот на акции на кои се однесува решението од ставот (2) на овој член. Преостанатиот број на акции со право на глас претставуваат вкупен број на акции со право на глас во брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот.

(8) Против решението на Комисијата донесено врз основа на ставот (2) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.
(9) Жалбата од ставот (8) на овој член не го одлага извршувањето на решението на Комисијата.

Право на жалба

Член 231

(1) Против решението што го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во натамошниот текст: Комисијата за жалби), во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.
(2) Против конечните одлуки на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

Примена на Законот за општа управна постапка

Член 232

Ако со овој закон поинаку не е определено, во постапката при донесувањето на решение од страна на Комисијата и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се применува Законот за општа управна постапка.

Прекршочен орган

Член 232-а

(1) За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за хартии од вредност (во натамошниот текст: Прекршочен орган)
(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија), формирана од лица вработени во Комисијата за хартии од вредност, кои ги именува претседателот на Комисијата за хартии од вредност.
(3) Прекршочната комисија е составена од три лица кои се вработени во Комисијата за хартии од вредност од кои едно ја врши функцијата претседател на Прекршочната комисија.
(4) Членовите на Прекршочната комисија се избираат за времетраење од пет години со право на реизбор.
(5) Членовите на Прекршочната комисија се со завршено високо образование, а за претседател на Прекршочната комисија може да биде именуван само дипломиран правник со положен правосуден испит.
(6) Членовите на Прекршочната комисија имаат свои заменици.
(7) Прекршочната комисија донесува одлуки за прекршоците од овој закон и за изрекување прекршочни санкции.
(8) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа кој претходно е одобрен од претседателот на Комисијата за хартии од вредност.
(9) Против решенијата на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.